Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....10

Увоз .... 11

Салдо на трговска размена ....12

Валутна структура....13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....13

Буџетски расходи според економската класификација....15

Буџетско салдо.. ....16

Расходи по буџетски корисници....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките.... 23

Каматни стапки на депозитни банки.... 23

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви.... 24

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2021 година

- Индустриското производство во август 2021 година забележа пад од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во август 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 3,6%;
- Во периодот јануари - август 2021 година извозот забележа раст од 31,5%, а увозот раст од 34,0%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 41,1%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2021 година изнесуваа 138.444 милиони денари, односно 19,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,8% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2021 година изнесуваа 162.640 милиони денари, односно 23,0% од БДП, што е за 5,3% повеќе во однос на истиот период лани;
- Вкупните кредити на банките во август 2021 година се зголемија за 6,4% во споредба со август 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,9%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во август 2021 година забележа пад од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во август 2021 година се јавува втор месец по ред по периодот на раст во претходните четири месеци и се должи исклучиво на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 3,5% (придонес од -2,8 п.п.), додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст од 12,8% (придонес од 1,4 п.п.), а во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација раст од 3,7% (придонес од 0,4 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во август 2021 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 48,7% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, во август 2021 година производството на електрична опрема бележи раст од 10,7% и придонес од 0,4 п.п., производството на моторни возила бележи пад од 29,7% и придонес од -3,5 п.п., а производството на машини и уреди бележи минимален пад од 0,1% и незначителен негативен придонес. Од традиционалните гранки, во август 2021 година производството на облека забележа пад од 19,1% и придонес од -1,5%, прехранбената индустрија опадна за 7,2% и придонес од -0,7 п.п.,

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2021 година)*




1 - Вадење на јаглен и лигнит
2 - Производство на др. неметални минерални производи
3 - Производство на хемикалии и хемиски производи
4 - Производство на метали
5 - Производство на производи од гума и пластични маси

Извор: ДЗС.

производството на текстил се намали за 15,1% и придонес од -0,7 п.п., а произовдството на тутунски производи опадна за 34,7% и придонес од -0,6 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2021 година)*




Извор: ДЗС.

Падот на производството според намената на произведените единици во август 2021 година е главно последица на намаленото производство на капитални производи од 24,6% (придонес од -5,3 п.п.), но и на нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,2% (придонес од -1,4 п.п.) и на енергија од 9,9% (придонес од -1,2 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2021 година индустријата забележа раст од 4,5%, што се должи исклучиво на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 6,9% и придонес од 5,4 п.п., додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 3,6% и придонес од -0,4 п.п., а во секторот Рударство и вадење камен пад од 1,6% и придонес од -0,2 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производство на машини и уреди од 2,1 п.п. при раст од 34,4% и електрична опрема од 1,4 п.п. при раст од 39,5%.

Според намената на произведените единици, растот во првите осум месеци од годината главно се должи на растот на производството во гранките: Интермедијарни производи освен енергија од 21,6% (придонес од 6,7 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,9% (придонес од 1,6 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во август 2021 година е намален за 1,7%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 7,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,0% и Преработувачка индустрија од 1,3%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што е производство на фабрикувани метални производи со раст од 12,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во групите енергија, интермедијарни и нетрајни производи, а тоа е најизразено во групата нетрајните производи со пад од 6,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – август 2021 година бележи пад од 2,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно во Рударство и вадење камен од 7,1%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,8% и во Преработувачка индустрија од 1,7%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите осум месеци од 2021 година е намален во групите енергија, интермедијарни и нетрајни производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2021 година е поповолна споредено со јули 2021 година, како и во однос на истиот месец претходната година.

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август изнесува 70,9% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 70,7%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 3,9 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 19,5%, неизвесното економско окружување со 14,7%, недостигот на квалификувана работна сила со 18,6% и недоволната домашна побарувачка со 13,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август 2021 година во однос на јули 2021 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2021 година издадени се вкупно 276 одобренија за градење, што претставува раст од 50,0% споредено со август 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 38,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е повисока за 96,9%, а на месечна основа бележи пад од 37,2%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 147 (или 53,3%) се наменети за објекти од високоградба, 49 (или 17,8%) за објекти од нискоградба и 80 (или 29,0%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(август 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 276 издадени одобренија за градба, на 158 објекти (или 57,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 118 објекти (или 42,8%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во август 2021 година, предвидена е изградба на 1.582 станови со вкупна корисна површина од 110.541 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 18,7%, а на годишно ниво е зголемен за 171,8%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во август 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 3,6%, што главно се должи на растот на цените на храната поради растот на цените

на зеленчукот, како и растот на цените на енергијата и нафтените деривати. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 3,4% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите осум месеци од 2021 година изнесува 2,7%. Стапката на инфлација во август е над проекциите на НБРСМ кај сите три компоненти и се очекува ревизија на стапката во нагорна насока, пред сé поради увозните притисоци односно поради неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи, како резултат на пандемијата на ковид-19.

Стапката на инфлација во еврозоната во август регистрира раст и изнесува 3,0% на годишно ниво (во јули истата изнесуваше 2,2%), што претставува највисока стапка на раст во последните 10 години. Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 15,4% (14,3% во јули), следен од порастот на цените на неенергетски индустриски добра од 2,7%, храна, алкохол и тутун од 2,0% и услуги од 1,1%.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во август 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 4,1% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на Зеленчукот од 16,4%, и на Маслото (27,1%) коишто имаа најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените.

Највисок годишен раст на цените во август 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 13,5%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај и на горивата, следен од порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 4,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,2%, Здравствена заштита од 2,6%, Рекреација и култура од 2,1%, Облека и обувки од 1,6%, Разновидни стоки и услуги од 1,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Образование од 0,1%. Пад на годишно ниво е регистриран во категоријата Комуникации од 0,7%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во август 2021 година се зголемија за 0,6% на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран раст од 0,5%), под влијание на растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци од 1,5% како резултат на порастот на цените на зеленчукот. Порастот на цените е следен од растот на цените во категориите: Рекреација и култура од 0,8%, Ресторан и хотели од 0,2% и Разновидни стоки и услуги од 0,1%. Намалување на цените во август 2021 година регистрираа категориите: Облека и обувки од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во август 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 4,9%, а на месечна основа регистрираа зголемување од 0,4%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2021 година споредено со претходниот месец се намали за 5,9% и изнесува 70,0 долари за барел, со што таа е над нивото од пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година, индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, по што следеше генерално нагорен тренд на движење којштo се задржа сè до крајот на првиот квартал од 2021 година. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 58,2%.

Природниот гас од почетокот на третиот квартал од 2020 година регистрира постепено зголемување, трендот на раст продолжи сè до март 2021 година, кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст и истиот во август регистрира раст на месечно ниво од 15,4%.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд што прекина во март 2021 година кога истата забележа месечен пад, по што продолжи нагорниот тренд. Во август, цената на никелот на месечна основа регистрираше стапка на раст од 1,7%. Во август цените на основните метали регистрираа месечен раст, а некои и намалување на цената. Така, цената на калајот се зголеми за 3,0%, додека цената на бакарот се намали за 0,9%, оловото регистрираше раст од 3,3%, алуминиумот се зголеми за 4,2%, ацинкот се зголеми за 1,4%. Во август 2021 година, цената на железната руда регистрираше силен пад од 24,3%.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на истата, сè до крајот на годината. Во 2021 година цената на златото забележува наизменично движење, со месечен раст на почетокот на годината, пад во февруари и март, и повторно раст во април и мај, додека од јуни цената на златото континуирано паѓа и во август 2021 година истата се намали за 1,2%. Трендот на месечно намалување на цената на златото го следеа и другите благородни метали, односно цената на среброто се намали за 6,6%, а цената на платината за 7,2%. Дел од причините за падот на цените на благородните метали се зајакнувањето на доларот, како и промената на интересот на инвеститорите.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во август 2021 година на месечна основа се намали за 7,8%, а цената на пченицата се зголеми за 8,4%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2021 година изнесува 10.813,0 милиони евра и бележи раст од 32,9% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер е намалено за 0,2 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 59,6%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите осум месеци од 2021

[1] Започнувајќи од август 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

година изнесува 26,5% и е зголемено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - август 2021 година изнесува 4.562,2 милиона евра и бележи раст од 31,5% (1.092,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 12,3%.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во август 2021 година изнесува 566,2 милиона евра и бележи раст од 13,0% (65,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 7,1% споредено со август 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во август 2021 година извозот бележи пад од 3,6% (20,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 3,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,9 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,7% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - август 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар,

раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 35,4% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 25,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,8% и 11,0%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - август 2021 година изнесува 6.250,8 милиони евра и бележи раст од 34,0% (1.584,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 12,9%.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во август 2021 година изнесува 802,4 милиони евра, што претставува раст од 33,0% (199,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а увезените количини стоки се зголемени за 26,5%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2021 година увозот бележи пад од 0,3% (2,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 5,9%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,2 п.п.) врз увозот овој месец.

---

Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2020 | I-VIII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 44,0 | 56,6 | 12,6 | 28,5 |
| Мил. ЕУР | 663,7 | 1.075,1 | 411,4 | 62,0 |
| Мил.$ | 747,7 | 1.289,3 | 541,7 | 72,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2020 | I-VIII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 19,6 | 23,7 | 4,1 | 20,8 |
| Мил. ЕУР | 114,5 | 136,5 | 22,0 | 19,3 |
| Мил.$ | 128,1 | 163,8 | 35,7 | 27,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2020 | I-VIII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 461,9 | 481,8 | 19,9 | 4,3 |
| Мил. ЕУР | 354,5 | 485,6 | 131,0 | 37,0 |
| Мил.$ | 396,1 | 581,3 | 185,2 | 46,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2020 | I-VIII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 512,0 | 479,3 | -32,7 | -6,4 |
| Мил. ЕУР | 233,5 | 339,5 | 106,0 | 45,4 |
| Мил.$ | 260,6 | 406,1 | 145,5 | 55,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2020 | I-VIII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 37,2 | 54,8 | 17,5 | 47,1 |
| Мил. ЕУР | 488,8 | 647,5 | 158,7 | 32,5 |
| Мил.$ | 548,5 | 776,7 | 228,2 | 41,6 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2020 | I-VIII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 38,0 | 48,3 | 10,3 | 27,2 |
| Мил. ЕУР | 398,8 | 539,1 | 140,3 | 35,2 |
| Мил.$ | 447,0 | 646,2 | 199,2 | 44,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - август 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 41,1% односно 492,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во август 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 131,1% односно 134,0 милиони евра споредено со август 2020 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - август 2021 година, 86,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција,

Турција, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Шпанија, Унгарија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,8% од трговската размена во периодот јануари - август 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,6% и 88,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,0 п.п., а кај увозот е зголемена за 2,9 п.п. во однос на периодот јануари - август 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VIII - 2020 | | | | | I - VIII- 2021 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.896,0 | 4.010.386.622 | 61,6638 | 247.295.678.566 | 85,9 | 3.409,3 | 5.551.511.868 | 61,6084 | 342.019.763.751 | 88,8 | 1.541.125.246 | 38,4 |
| УСД | 1.491,4 | 682.725.609 | 55,2577 | 37.725.846.859 | 13,1 | 1.543,7 | 774.625.152 | 51,4018 | 39.817.127.133 | 10,3 | 91.899.543 | 13,5 |
| ГБП | 2,1 | 11.711.022 | 70,0313 | 820.138.118 | 0,3 | 1,1 | 11.334.631 | 71,2567 | 807.668.421 | 0,2 | -376.391 | -3,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.389,4 | | | 285.841.663.544 | 99,1 | 4.954,2 | | | 382.644.559.306 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.398,9 | | | 287.735.305.211 | 100,0 | 4.966,6 | | | 385.119.088.272 | 100,0 | | 33,8 |

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2021 година изнесуваа 138.444 милиони денари, односно 19,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,8% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е седми последователен месец во којшто е забележан годишен раст на приходите, којшто во август изнесува високи 20,7%. Растот се должи и на пониските приходи во истиот период претходната година, кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 79.558 милиони денари и се повисоки за 21,2% во однос на јануари – август 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

Приходите од Данокот на додадена вредност стандардно имаат доминантно учество од 46,4% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 36.916 милиони денари, што претставува зголемување од високи 28,2% во однос на истиот период од 2020 година. Особено е изразен растот на овие приходи во вториот квартал, кога годишниот раст изнесуваше над 60%. Притоа, ДДВ во првите осум месеци годинава е наплатен во бруто-износ од 56.163 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 19.247 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 23,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок

за 14,3% споредено со јануари – август 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз коjштo забележува повисоко остварување за 28,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 11,1%.

Акцизите се остварени во износ од 16.480 милиони денари (учество од 20,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 17,3% во споредба со истиот период минатата година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 53.396 милиони денари, што претставува 67,1% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – август 2021 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 12.565 милиони денари и бележат раст од 10,8% на годишна основа, при што 67,3% од приходите се од плата и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 7,4% од приходи по основ на договор на дело, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,3% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 7.800 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 11,9% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени речиси двојно, додека данокот по месечни аконтации се намали за 3,6%.

Приходите од царина се остварени во износ од 5.370 милиони денари и забележаа зголемување од 28,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 427 милиони денари забележаа зголемено остварување за 37,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 45.549 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,3% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 6,3%, кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,4%, а кај придонесите за вработување за 6,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 8.900 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 23,9% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 671 милион денари, што е намалување од 31,0% во однос на периодот јануари – август минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.942 милиона денари и се повисоки за 36,6% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2021 година изнесуваа 162.640 милиони денари, односно 23,0% од БДП, што е за 5,3% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 150.867 милиони денари учествуваа со 92,8% и се зголемени за 2,8% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 20.501 милион денари што претставува зголемување за 4,5% во однос на периодот јануари – август претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,6%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.080 милиони денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 16,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки, како и секогаш, имаа трансферите коишто изнесуваа 111.681 милион денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 0,2% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 68,7% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 3,6% се забележува кај социјалните трансфери, коишто изнесуваа 79.897 милиони денари, со што учествуваат во вкупните расходи со речиси 50%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 47.732 милиона денари, што е зголемување за 4,0% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 29,3% во вкупните расходи. Од друга страна, во категоријата други трансфери е регистриран пад од 5,1%, придвижен пред сè од субвенциите и трансферите, коишто изнесуваат 16.197 милиони денари и се намалени за 9,2%. Падот на овие расходи е висок поради базниот ефект, откако во овој период претходната година е забележан

исклучително висок износ на расходи за субвенции и трансфери, поврзан со мерките за справување со кризата. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.676 милиони денари забележаа зголемување од 0,6% во споредба со периодот јануари - август претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 11.773 милиони денари, со структурно учество од 7,2% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 52,0%) во споредба со периодот јануари - август 2020 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во првите осум месеци од 2021 година реализираше 35.336 милиони денари или 64,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 23.870 милиони денари или 65,1% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,4% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 64,2% (7.909 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Во периодот јануари - август 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 53.573 милиони денари што претставува 80,8% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (38.198 милиони денари) е убедливо најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 71,3%, при што се реализирани 88,5% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 14,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.606 милиони денари, или 81,2% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 5.311 милиони денари (57,6% од планираното), односно 9,9% од вкупните расходи на овој

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - август 2021 година)*




Извор: МФ.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 16.388 милиони денари, што е 60,2% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (65,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10.780 милиони денари или 66,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 2.702 милиона денари, односно 62,5% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 7.329 милиони денари, што претставува 62,3% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 73,2%, за што се потрошени 5.367 милиони денари или 66,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,0%, за што се реализирани 1.321 милион денари или 59,2% од годишниот план.

Во периодот јануари - август 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.031 милион денари што претставува 79,6% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 86,1% во вкупните расходи, реализирани се 83,2% од планираните средства за цела година, односно 6.054 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари - август 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 6.503 милиони денари, што е 60,2% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 42,6%, за што во овој период се реализирани 2.768 милиони денари (65,8% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 25,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.662 милиона денари, односно 56,9% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите осум месеци од 2021 година реализираше вкупно 4.701 милион денари, односно 32,7% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 84,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 3.969 милиони денари (31,1% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - август 2021 година изврши буџетски средства во износ од 5.096 милиони денари, што е 62,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 53,8%, за што во овој период се потрошени 2.742 милиона денари или 65,5% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 2.048 милиони денари (68,3% од планираното за годината) и учество од 40,2% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.529 милиони денари, што е 37,9% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 69,3% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.060 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – август 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 24.196 милиони денари, што претставува 3,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 24.677 милиони денари и претставува 3,5% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари - август изнесува 52,3% од вкупно планираниот буџетски дефицит за цела 2021 година.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - август 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 129.439 новозасновани работни односи. Споредено со истиот период од 2020 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 20,0%. Високиот раст, меѓу другото, се должи и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени, 42,0% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во август 2021 година 21,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во август 2021 година изнесува 193.632, од кои 137.707 се активни баратели на работа, а 55.925 се останати невработени лица. Во однос на август 2020 година, вкупниот број невработени лица е намален за високи 15,4%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 1.592 лица, со што ова е шести месец по ред во кој е регистриран пад на бројот на невработени, откако во 2020 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (62,2%) се градско население, а според половата структура 49,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 65,7%, се со непотполно средно образование или помалку, 25,3% се со завршено средно образование, додека 9,0% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,4% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 63,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2021 година оствари годишен раст од 4,8%, а во однос на јуни 2021 година истата е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јули 2020 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (15,1%), Уметност, забава и рекреација (14,2%) и Други услужни дејности (13,5%). Реалните плати во јули 2021 година забележаа годишен раст од 1,3%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јули 2021 година на годишна основа бележи раст од 4,9%, а во однос на претходниот месец истата е пониска за 0,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јули 2021 година во однос на истиот месец од 2020 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (15,4%), Уметност, забава и рекреација (15,1,%) и Други услужни дејности (13,7%). Реалната бруто-плата во јули забележа годишен раст од 1,4%.

## Пензии

Во август 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 324.566 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,5% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,4% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август 2020 година не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

Просечната пензија во август 2021 година изнесува 15.834 денари и е за 1,7% повисока во однос на истиот месец 2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,5%.

Просечната старосна пензија во август 2021 година изнесува 17.117 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.302 денари, а просечната семејна пензија 12.713 денари. За исплата на пензиите во август 2021 година се потрошени 5.058 милиони денари, што претставува 49,7% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во август 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 1,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п.. Намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25%, се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сѐ уште трае.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (август 2021 година)




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во август 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 11,1% споредено со август 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 15,0% и зголемување на готовите пари во оптек за 7,1%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 12,5%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 27,5%, додека готовите пари во оптек се намалија за 0,3%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити (*стапки на раст во %*)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во август 2021 година се зголемија за 1,8% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 6,2%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,9%.

Од аспект на валутата, во август 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута регистрираа раст од 2,3%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,0%.

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2021 година оствари раст од 9,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 8,4% и 12,1%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 25,0% и 7,4%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 8,3%, а долгорочните депозити се намалија за 0,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 58,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *456.972* | *1,8%* | *9,9%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *269.362* | *2,3%* | *8,4%* |
| *Странска валута* | *187.610* | *1,0%* | *12,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *191.335* | *1,2%* | *8,3%* |
| *Долгорочни* | *100.558* | *-0,5%* | *-0,9%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | *372.470* | *-0,3%* | *6,4%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *218.986* | *0,0%* | *7,0%* |
| *Странска валута* | *153.484* | *-0,7%* | *5,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *57.932* | *-3,0%* | *5,2%,* |
| *Долгорочни* | *298.084* | *0,1%* | *7,0%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.562* | *1,8%* | *7,0%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во август 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа пад од 0,8%, наспроти кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 0,2%. Од аспект на валутата, во август 2021 година, на месечно ниво денарските кредити останаа непроменети, а девизните кредити се намалија за 0,7%.

На годишна основа, во август 2021 година вкупните кредити се зголемија за 6,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,9% и раст на кредитите кон претпријатијата од 4,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,0%, а кредитите во странска валута за 5,5%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,0%, а краткорочните кредити од 5,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,49%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,82%, додека каматната стапка на девизните кредити остана непроменета и изнесува 4,10%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




**Извор: НБРСМ.**

Вкупната каматна стапка на депозитите во август 2021 година изнесува 0,79% и е намалена за 0,04 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,04 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,12%, а каматната стапка на девизните депозити регистрираше пад од 0,04 п.п. и изнесува 0,47%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во август 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше забрзан раст од 162,4% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 259,3%, како и растот на прометот од класичното

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

тргување за 44,1%.

Вкупниот промет на берзата во август 2021 година изнесуваше 2.800,3 милиони денари и истиот е зголемен за 7,6 пати на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на август 2021 година изнесуваше 5.846,49 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 7,8%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 39,0%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2021 година изнесуваа 3.691,58 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 4,1%, а во однос на август 2020 година регистрираа раст од 8,4%.